

ООУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ДЕЛЧЕВО

# СТОП НА НАСИЛСТВОТО

Изработил: училишен психолог
Латинка Мановска Новоселска

# ШТО ПОДРАЗБИРАМЕ ПОД ПОИМОТ НАСИЛСТВО?






НАСИЛСТВОТО ПРЕТСТАВУВА СВЕСНО, НАМЕРНО И ЗАЧЕСТЕНО НАНЕСУВАЊЕ ПОВРЕДА ИЛИ БОЛКА НА ЛИЦЕ КОЕ Е НЕМОЌНО ДА СЕ СПРОТИВСТАВИ!

# УЛОГИ ПРИ НАСИЛНИ СИТУАЦИИ

Ученик/ци - жртва/и на насилство;

Ученик/ци - сторител/и на насилство;

Ученик/ци - сведок/ци на насислтво.



# НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИ СТОРИТЕЛИ НА НАСИЛСТВО

Учениците сторители на насилство најчесто се:

- однесуваат агресивно и кон родителите, другите ученици;
- имаат потреба да доминираат, односно сакаат да владеат над другите и да ја покажуваат својата моќ;
- сметаат дека се подобри и повредни од другите;
- не прифаќаат неуспех, не се толерантни, и самите биле жртви или сведоци на насилство во домот или околината.



# НЕКОИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО

Учениците жртви на насилство најчесто се:

- со ниска самодоверба и самопочит;
- ученици со попреченост;
- ученици од различни етнички или социјални групи;
- ученици кои се надарени;
- нови ученици во паралелката;
- ученици без родители;
- ученици кои се посиромашни од другите и сл.



# ВИДОВИ НАСИЛСТВО

## физичко насилство

Употреба на физичка сила за да се предизвика одреден степен на болка или непријатност.

## Психичко или емоционално насилство

Психолошко малтретирање, вербална злоупотреба и емоционална злоупотреба или занемарување, заплашување, закани, отфрлање, понижување, исмејување.

## Социјално насилство

Одвојување на ученикот од другите, дискриминација, одвојување, игнорирање и неприфаќање, исклучување од група.

# ВИДОВИ НАСИЛСТВО

## Врсничко насилство или булинг

Збир на намерни негативни постапки, задавање на повреда или друга штета на друг ученик. Тие постапки се долготрајни и насочени кон еден ист ученик/ученичка или група ученици. Булингот како поим означува агресија на еден ученик кон друг, најчесто на посилниот кон послабиот. Булингот може да се манифестира во сите форми на насилство.

## Сајбер насилство или интернет насилство

Облик на малтретирање и вознемирување преку користење на компјутер, телефон или слични уреди. Подразбира праќање на навредливи и непосакувани СМС и ММС пораки, фотографии, видеа, блогови, вознемирување преку телефонски повици, насилство преку користење на социјалните мрежи.

# Знаци поврзани со насилството



**ФИЗИЧКИ И ФИЗИОЛОШКИ**

Траги од повреди, модринки, лузни, изгореници, исекотини, искината облека, запуштен изглед, болки во стомакот, главоболки, повраќање.

**ЕМОЦИОНАЛНИ**

Плачливост, повлеченост, појава на стравови, агресивно однесување, молчаливост, невообичаена говорливост, гледање во „празно“, кошмари, грицкање нокти, нарушување во говорот.

**ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕ/ ДОМА**

Намалување на училишниот успех, појава на неоправдани изостаноци, губење на предмети, намалена концентрација за учење, доцнење, појава на силен страв, одбегнување на одговорности.

# ПРЕДЛОЗИ ЗА КРАТКА ДИСКУСИЈА НИЗ ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА

**ПРИМЕРИ НА ПРОБЛЕМИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ УЧЕНИЦИТЕ СЕКОЈДНЕВНО, ПОВРЗАНИ СО НАСИЛСТВОТО!!!**

**ИДЕИ И ПРЕДЛОЗИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА НАСИЛНИТЕ СИТУАЦИИ КОИ СЕ СЛУЧУВААТ ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ...**

# КАДЕ ДА ПРИЈАВИШ НАСИЛСТВО?

## Наставник

Можете да го пријавите насилството кај наставник или друг вработен кому му имате доверба.

## Стручната служба

Во училиштето работат стручни соработници и тоа педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатор кај кои што можете да се обратите за помош.

## Родители

Насилството можете да го пријавите кај вашите или родителите на ученикот сторител или жртва на насилство.



## ШТО ДА НАПРАВИШ КОГА ЌЕ ВИДИШ ДЕКА НЕКОЈ УЧЕНИК СЕ ОДНЕСУВА НАСИЛНО




- Зазаеми активен став и размисли! Како би се чувствувал ти доколку некој се однесува така кон тебе?
- Ако се чувствуваш безбедно кажи му на лицето кое се однесува насилно да престане „Немој така да се однесуваш“
- Повикај ги другарите да застанат на страната на соученикот кој што е малтретиран и заштитете го.
- Ако не се чувствуваш безбедно, побарај помош од возрасно лице во кого имаш доверба. На тој начин вие не кодошите туку му помагате на ученикот кој е изложен на насилство, но и на оној ученик кој е насилен

# КАКО ДА ПОСТАПИШ АКО ДОЗНАЕШ ДЕКА НЕКОЕ ДЕТЕ ЧЕСТО Е ИЗЛОЖЕНО НА МАЛТРЕТИРАЊЕ ОД ДРУГИТЕ



Повикај го да ти се придружи во текот на одморот, вклучи го во своето друштво.



Посоветувај го да побара помош или да разговара со некого за тоа што му се случува.



Понуди се дека ќе бидеш покрај него кога ќе им се обрати на возрасните за помош.



Објасни им на своите пријатели дека насилното однесување НЕ Е ФЕР и замоли ги да ти се придружат во поддршката.

# ШТО ДА НЕ ПРАВИШ КОГА ЌЕ ВИДИШ ДЕКА НЕКОЈ НАСИЛНО СЕ ОДНЕСУВА:

Насилните деца можеби мислат дека се забавни - не поттикнувај ги на насилство, со потсмевање, восхитување, премолчување, имитирање или навивање;

На насилството не се возвраќа со насилство - со пцости или тепачка. Тоа нема да го реши проблемот. Само го влошува, бидејќи се изложуваш на голем ризик да ти вратат уште посилно;

Немој да мислиш дека си предавник ако им се обратиш на возрасните за помош. Така му помагаш на лицето кое не може самото да се справи со насилното однесување на другите;

Немој да бидеш пасивен набљудувач како тоа да не те засега и тебе.

# КАДЕ ВИЕ СЕ ВКЛОПУВАТЕ ВО ОВОЈ ЦИКЛУС?